03-228 од 15.05.2025

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
SEKRETARIATI I LEGJISLACIONIT
Бр./Nr. 03-2207/1
15-05-2025 20 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

*помеѓу*

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ - КИЧЕВО,**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА**
**И**
**СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО ПРИ ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. *Правниот факултет-Кичево*, единица на Универзитетот „Св.Климент Охридски” од Битола, претставуван од проф. д-р Светлана Вељановска и

2. *Секретаријатот за законодавство при Владата на Република Северна Македонија*, претставуван од д-р Оливера Нечовска,

(во натамошниот текст: договорните страни), со желба да ги регулираат взаемните односи, а во согласност со важечкото законодавство и интерните акти, се договорија за следното:

**Член 1**

Предмет на овој Меморандум за соработка е воспоставување на долгорочна научно-стручна, образовна и апликативна соработка помеѓу договорните страни.

**Член 2**

Со овој Меморандум за соработка, договорните страни се согласни да создаваат атмосфера на меѓусебна почит и меѓусебна доверба и се определуваат за:

- Соработка во едукативни процеси преку ангажирање на експерти од практиката за реализација на клиничка (стручно-практична) настава;
- Организирање и реализација на практична настава за студентите и учениците во зависност од расположивите можности;
- Консултации и експертизи;

- Вклучување експерти во исполнувањето на теоретските содржини на студиските програми;
- Воспоставување на контакти и презентација на договорените страни пред домашни и странски субјекти;
- Организирање на тркалезни маси и размена на искуства на разни панели, трибини и дискусии.

**Член 3**

Договорните страни се обврзуваат на чување и неизнесување податоци на трети лица, кои преставуваат деловна тајна, со кои се здобиени при меѓусебна комуникација и спроведување на овој Меморандум за соработка, односно се обврзуваат да ги преземат сите организациско технички мерки за обезбедување и чување на личните податоци согласно одредбите од Законот за заштита на лични податоци.

**Член 4**

Во случај на било каков спор и тешкотии во остварувањето на определбите на овој Меморандум за соработка, договорните страни веднаш меѓусебно ќе се консултираат. Доколку било која од договорните страни одлучи да го прекине Меморандумот за соработка, тоа мора да го направи со формално писмено известување до другата страна 15 (петнаесет) дена однапред, наведувајќи ја причината за прекинот.

**Член 5**

Овој Меморандум за соработка влегува во сила на денот на неговото потпишување од страна на договорните страни.
Содржината на овој Меморандум може да се менува само со писмена согласност на договорните страни.

**Член 6**

Овој Меморандум за соработка е потпишан во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

| | |
|---|---|
| **Правен факултет- Кичево** | **Секретаријат за законодавство** |
| ***Декан*** | ***Секретар*** |
| проф. д-р Светлана Вељановска | д-р Оливера Нечовска |